РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-4665/2
04-08-2021

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од познат подносител, на продолжението на 50-та седница одржано на ден 22.07.2021 година година донесе

**ОДЛУКА**

Пријавата број 12-4665/1 од 07.10.2019 година доставена од страна на познат подносител- -------------, **СЕ ОТФРЛА.**

Наводите во пријавата не содржат елементи за надлежно постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Предметот со број 12-4665 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

**Образложение**

Предметот со број 12-4665 од 2019 година е оформен врз основа на пријава со бр. 12-4665/1 од 07.10.2019 година, од познат подносител - ------------------ од ------------. Во пријавата се укажува на сомневања за ограничување на конкуренцијата по јавен оглас во 2019 година објавен од ----------------, како што е наведено во пријавата ,,фаворизирање на само еден учесник". Пријавата е поднесена во периодот кога јавниот оглас сеуште е во тек, односно во фаза на поднесување на понуди.

Пријавителот во пријавата се навраќа на минатогодишната постапка за јавна набавка, при што наведува дека од пријавени 4 (четири) правни лица, меѓу кои и тој како правно лице, во постапката на евалуација на понудите, тројца понудувачи кои учествувале во постапката биле одбиени заради ,,формални забелешки", а едниствено понудувачот --------------------- како единствен понудувач ја продолжил понатамошната постапка. Во постапката за јавна набавка не била спроведена електронска аукција заради еднинствениот понудувач.

Во пријавата пријавителот нема наведено конкретни укажувања заради кои неправилности бил одбиен од понатамошното учество во постапката.

Понатаму, продолжува со тоа дека на Огласот за јавна набавка во 2019 година, од како што вели, и покрај тоа што постојат голем број увозници на храна за риби биле пријавени само

двајца учесници, при што повторно условите биле прилагодувани на еден учесник во постапката.

Кон пријавата пријавителот има доставено и Оглас за јавна набавка со број --------/------ од веб страната на Бирото за јавни набавки каде што во Дел IX: Известувања за склучен договор/ евиденции наведено е ,,Нема известувања за склучен договор", со што може да се заклучи дека во моментот на поднесување на пријавата од страна на пријавителот, сеуште нема склучено договор за предметната јавна набавка, со што неможе да се потврдат укажувањата на пријавителот.

Од причина што постапката била во тек и економскиот оператор можел да ги искористи законските механизми и достави жалба пред ДКЖЈН, Државната комисија оцени дека нема елементи за надлежно постапување од причина што истиот не ги искористил дадените механизми и договорот е склучен на ден --------.2019 година.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до
-Архива
- подносителот

Изработил: м-р К.З., Советник
Одобрил: К.Н., Член на ДКСК